**20192684188**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 153 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19 и 146/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА БОДОВНА СКАЛА, НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ПРИВАТНИ ДАВАТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ДАВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за доделување на средства, образецот за бодовна скала, начинот на доделување на средства на здруженија и други приватни даватели на социјални услуги за давање социјални услуги.

Член 2

Комисијата за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели (во натамошниот текст: Комисијата) ги врши работите поврзани со доделување средства за давање социјални услуги на здруженија и други приватни даватели на социјални услуги.

Од страна на Комисијата се определуваат социјалните услуги кои се даваат од здруженија и други приватни даватели на социјални услуги, за кои се обезбедуваат средства, согласно годишната програма за остварување на социјалната заштита.

Член 3

Во јавниот конкурс за обезбедување на социјални услуги од здруженија и приватни даватели на социјални услуги се наведува видот на социјалната услуга за која се доделуваат средства, износот на средства кои се доделуваат за давање на социјални услуги на здруженија и други приватни даватели на социјални услуги, цената по корисник за услугата, утврдена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга,, бројот на корисниците, рокот за доставување на пријавите, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот повик и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги.

Член 4

Кон пријавата на здружението односно друг приватен давател на социјална услуга кој има дозвола за вршење работи од социјална заштита, покрај документите наведени во јавниот конкурс од член 3 од овој правилник, се приложуваат и податоци за:

1) полн назив и адреса на субјектите со јасно дефинирани активности во текот на реализацијата на програмата за давање на социјалната услуга за која бара доделување на средства,

2) годишен извештај за работа на здружението за претходната година,

3) завршна сметка на здружението за претходната година,

4) уверение за платени даноци издадено од даночните органи,

5) детален опис на активностите со конкретен работен план за имплементација и период на реализација на програмата за давање на социјалната услуга, со кои ќе се обезбеди реализација на предвидените цели, активности и услуги дефинирани во јавниот конкурс со предвидени средства,

6) број на лицата кои ќе бидат ангажирани за давање на социјалната услуга и нивната квалификациона структура,

7) контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјалната услуга ( име, презиме, е-маил адреса и телефонски број),

8) информации за работното искуство во областа на социјалната заштита, согласно барањата и потребите од јавниот конкурс, остварено партнерство, меѓусекторска соработка и обезбедено кофинансирање ( доколку има) и

9) изјава заверена на нотар дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истата услуга.

Член 5

Здружението односно друг приватен давател на социјална услуга може да поднесе само една пријава за добивање средства за иста услуга по јавниот конкурс.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок.

Член 6

Од страна на Комисијата се разгледуваат пријавите по јавниот конкурс и поднесената документација и се врши увид во просторот за давање на социјалната услуга.

По извршениот увид од страна на Комисијата се врши бодирање согласно бодовната скала за доделување средства за давање на социјални услуги, и тоа за:

- потребната организациска структура и човечки ресурси за спроведување на услугата на здружението или приватниот давател на услугата - вработени лица, ангажирани лица во директна испорака на услугата, волонтери, (до 20 бода);
- соодносот на потребниот број на даватели на услугата и корисниците за кои се доделуваат средства (до 20 бода);
- претходно искуство во давање на социјалната услуга во соработка со центар за социјална работа и/или Министерство за труд и социјална политика (до 15 бода);
- воспоставен механизам за контрола на квалитетот на услугата и систем на поплака од клиентите (до 15 бода);
- соодветно определена целна група за давање на социјалната заштита (до 15 бода) и
- јасна и остварлива програма за давање на социјалната услуга (до 15 бода).

Вкупните бодови во бодовната скала се запишуваат како просек од поединечното бодување на членовите на Комисијата.

Бодирањето од став 1 на овој член се врши на Образец „Бодовна скала за доделување средства за давање на социјални услуги“, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 7

На здруженијата и другите приватни даватели на социјални услуги кои освоиле најмалку 80 бодови им се доделуваат средства, согласно капацитетот утврден со дозволата за работа на давателот на услугата.

Член 8

Од страна на Комисијата врз основа на бодовната скала се изготвува мислење за износот на средства кои се доделуваат за давање социјалната услуга, согласно бројот на корисници за социјалната услуга и цената на услугата утврдена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга.

Мислењето од став 1 на овој член се потпишува од сите членови кои учествувале во работата на Комисијата.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на определени работи од областа на социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/05 и 38/07).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-9798/1
24 декември 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

**БОДОВНА СКАЛА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

**За подносителот на пријавата ____________________ по јавниот конкурс за давање на социјална услуга**

| Услови од јавниот конкурс | Можни бодови | Освоени бодови |
|---|---|---|
| 1.потребната организациска структура и човечки ресурси за спроведување на услугата на здружението или приватниот давател на услугата (вработени лица, ангажирани лица во директна испорака на услугата, волонтери | до 20 бода | |
| 2.соодноста на потребниот број на даватели на услугата и корисниците за кои се доделуваат средства | до 20 бода | |
| 3.претходно искуство во давање на социјалната услуга во соработка со центар за социјална работа и/или Министерство за труд и социјална полтика | до 15 бода | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.воспоставен механизам за контрола на квалитетот на услугата и систем на поплака од клиентите | до 15 бода | |
| 5.соодветно определена целна група за давање на социјалната заштита | до 15 бода | |
| 6.јасна и остварлива програма за давање на социјалната услуга | до 15 бода | |
| | | Вкупно освоени поени |

Датум на пополнување
на образецот
Скопје

Членови на Комисијата
1.______________________
( име презиме и потпис)
2.______________________
(име презиме и потпис)
3. ______________________
(име презиме и потпис)
4.______________________
(име презиме и потпис)
5. ______________________
(име презиме и потпис)